ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА ЦЕНТАР

6

ЛЕВИЦА

ЗА ЦЕНТАР

6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Изградба на нова општинска зграда на место на досегашните бараки со катна гаража која би ги задоволила потребите и на посетителите на Градскиот парк и Зоолошката градина;



*Нова општинска зграда*

- Изработка на проект (по пат на конкурс) и изведба на катна гаража во Клинички Центар;

*Катни гаражи во Клинички Центар*



- Враќање на Цветен Пазар на Плоштад Македонија и поставување на урбана опрема и монтажни продавници за ракотвордби, антиквитети, сувенири, книги, плочи и др;
- Продолжување на проектот на Левица за производство на електрична енергија од обновливи извори преку општинската ДООЕЛ Енергија Вентар;



*Нов Зелен Пазар*

• Изградба на нов Зелен пазар со задоволителни услови за магацински и санитарни простори со катна гаража, поделен во неколку обејкти со фазна изведба со цел замена на постојниот пазар без негова дислокација или затворање;

- Изградба и пренамена на простории кои се во државна сопственост во маалски младински клубови, како центри за дружење, едукација и култура;
- Изградба и пренамена на простории кои се во државна сопственост во пензионерски клубови;
- Формирање на Комисија за утврдување и отстранување на хазардни објекти;
- Ревитализација на сите запуштени паркови и зеленила на територијата на општината;
- Ревитализација на сите улици под ингеренција на општината кои се уништени;
- Изградба на ботаничка градина;
- Изведба на нови паркови и урбано зеленило;
- Изведба на самоодржливи системи за наводнување на парковското зеленило и автоматизирано чистење на улиците под надлежност на општината;



*Автоматизирано чистење на улиците*

- Изведба на јавни тоалети;
- Изведба на спортско рекреативен комплекс, аква парк и нататориум во склоп на ДУП ЦС01-Парк 2;



*Нататориум*

- Ревитализација на скопското лизгалиште;
- Изведба на „хотел за животни“ со ветеринарен центар и со бенефицирани цени за граѓаните на општината;
- Изведба на Центар за рециклирање на ниво на општината
- Формирање на комисија за утврдување на реална потреба на паркинг места и контрола на пренаменетите паркиралишта и гаражи со нивно враќање во соодветна функција преку проект со кој постоечките гаражни капацитети нема да се користат како подруми, складишта или за деловна дејност;
- Електронски и физички мониторинг на јавните зелени површини, паркови и игралишта за спречување на уништувањето на урбаната опрема;
- Формирање комисија за евалуација на енергетска ефикасност на станбените објекти и обнова на фасадите на сите објекти со енергетски ефикасни системи;
- Поставување на инфо табли со брајово писмо во сите институции на општината.

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за законски измени со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани и сл.
- Почесто организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како алатка за планирање на развојот на општината
- Функционална мрежа на месни самоуправи, како алатка за граѓанска партиципација, и враќање на месните заедници, како облик на непосредно територијално (маалско) самоорганизирање и актуелизирање на помали секојдневни проблеми од соседството.

## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики

- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните жители во процесот на креирање децентрализирани јавни политики.
- Отворен ден за граѓански идеи.
- Отворени денови на градоначалникот и советниците.

## 3. Транспарентност во работата на општината

- Јавно достапни материјали за работа на седниците вклучително предлог програмите, записниците и предлог буџетите.
- Воведување на проектот „Е-општина“.

## 4. Локална власт во заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации.
- Бирање на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и партиските вработувања.
- Почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Непречено и слободно синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 1. Плански проактивни општини

- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови.
- Максимално искористување на ресурсите на општински јавни претпријатија за извршување градежни работи како замена на тендер-системот.
- Таргетирана и стратешка изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, старечки домови и сл.).

## 2. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- Подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица.
- Редовно сервисирање и намалување на долговите на општината како правно лице.

## 3. Зголемување на општествената одговорност на компаниите

- Стимулирање на стипендирања од страна на приватните фирми на младите ученици и студенти.
- Отворање на фонд за донации „Од граѓаните за граѓаните“, раководен од лице предложено од претставниците на месните заедници, како локален систем на самопридонес за проекти кои можат да се реализираат со вакво финансирање (уредување на запуштени урбани катчиња, грижа на социјално ранливи категории, јавни кујни, заштита на маалски миленици, локални спортски клубови, турнинри и сл.).

## 4. Поддршка на развојот на занаетчиите и малите семејни бизниси

- Планирање буџетски средства за поддршка на микро и мали претпријатија.
- Креирање стратешки развојни документи за ЛЕР (Локален економски развој) и ЛЕАП (Локален економски акционен план).



# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 1. Системска борба против градежната мафија

- Застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното неизградено земјиште
- Ревизија на сите спорни ДУП-ови издадени во последните 20 години.
- Забрана за продажба на државно/општинско земјиште со цел задоволување на бизнис апетитите на локалните моќници.
- Експропријација на објектите во заштитените области и објекти кои се од општествено значење.
- Воведување на урбанистички конкурси како најтранспарентен механизам за планирање на општината.
- Потпишување на меморандум за соработка со Архитектонскиот и Шумарскиот факултет за стимулирање на студентите и професорскиот кадар да се вклучат во урбаното планирање на општината.
- Мораториум на сеча на сите возрасни стебла без проверен фитопатолошки наод.
- Развој на паркови и воведување на ново парковско и урбано зеленило.
- Погрaма за заштита на урбаниот биодиверзитет.
- Конечно решавање на урбанизацијата на општината со фокус на Ново Маало и Маџир Маало.
- Поставување на сите документи поврзани со издадените дозволи за градба, ревизија и инспекција, на веб-страницата на општината заради отчетност кон граѓаните.

## 2. Планско градење

- Рамономерен инфраструктурен развој наместо задоволување на апетитите за профит на приватните инвеститори, со цел да нема избегнување на инвестиции во посиромашните средини од општината.
- Стимулирање на изградба на модерни и еколошки одржливи станбени комплекси по транспаретни критериуми, со право на рамноправно учество на сите заинтересирани инвеститори.
- Задолжително зазеленување на просторот околу зградите со високостеблести садници, од страна на инвеститорот.
- Презентации и јавни расправи за деталните урбанистички планови да се одржуваат надвор од работното време и за истите јавноста да биде благовремено известена.

## 3. Пешачки зони

- Создавање повеќе пешачки зони
- Уредување на рекреативни патеки
- Успорување на моторизираниот сообраќај во населените места преку инфраструктурни решенија („легнати полицајци", стеснување на коловозните ленти, ограничување на брзината и креирање на „зони 30 km/h")

## 4. Урбан велосипедизам

- Изградба и обележување на интегрирана мрежа на велосипедски патеки во градското подрачје и велосипедски патеки помеѓу населените места.

- Изградба на паркинзи за велосипеди пред јавните институции и приватните објекти.
- Поставување и тековно одржување на велосипедска инфраструктура (вело-ленти, слеани рабници, поставување столпчиња, вертикална и хоризонтална сигнализација и отстранување на физичките пречки за непрекинато возење велосипед).
- Поттикнување на велосипедскиот сообраќај на општинско ниво („рент-а-бајк" систем на попатни станици за изнајмување исправни велосипеди, поставување сервисни пунктови).
- Зголемување на нивото на сообраќајна култура за рамноправен третман на велосипедистите како учесници во сообраќајот.
- Подигнување на јавната свест за придобивките од секојдневното користење велосипед како превозно средство.

## 5. Улици и патишта

- Асфалтирани и добри патишта во секој дел на општината.
- Инклузивен и безбеден сообраќај за подобро поврзување на секој дел од општината.
- Изградба на помали и пофункционални кружни текови за забрзување на сообраќајот.
- Пренамена на некои улици со еднонасочен режим на сообраќај.
- Редовна санација на оштетувањата на коловозите.
- Систематско одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација.
- Редовно сервисирање на дефектите на јавното осветлување, проширување на мрежата на јавно осветлување и поставување на штедливи сијалици за енергетска ефикасност.
- Поставување на семафори со соларни панели за заштеда на енергија.

## 6. Јавен превоз

- Субвенционирани билети за јавен превоз за различни категории граѓани кои живеат во социјален ризик, а се жители на Општина Центар.
- Поставување на информативни табли со локалните знаменитости.

## 7. Паркинзи на Општина Центар

- Некомерцијализација на јавниот паркинг простор и враќање на истиот на резидентните жители.
- Изградба на современи паркинг плацеви со заштитни тенди за паркираните автомобили.
- Изградба на наменски паркинг простор во близина на градинките, пазарите и угостителските објекти.
- Изградба на катни гаражи со поголема зафатнина (подземно и надземно ниво)
- Редовно отстранување на хаварисани возила од градските улици, паркинзи и тротоари.
- Ревизија на изградените колективни станбени згради во изминативе пет години во делот на планираните паркинг места како и лимитирање на продажната цена на колективните паркинг места, со цел заштита на граѓанските права како и општинските простори за паркирање.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

## 1. Водовод

- Промена на несоодветните водоводни цевки со цевки со еколошки прифатливи материјали.
- Изведба на самоодржливи системи за наводнување на парковското зеленило и јавни фонтани.
- Изведба на систем за автоматско чистење на улиците во надлежност на општината.

## 2. Канализација

- Надзор над прочистувањето на отпадните води.
- Изградба на сеопфатна атмосферска канализација за собирање на дождовницата од Водно.
- Изведба на целосна мрежа за прифаќање на атмосферските води на ниво на општината.

## 3. Јавна чистота

- Изведба и тековно одржување на градските тоалети во рамки на општината.
- Хортикултурно уредување на секоја зелена јавна површина во општинско подрачје.
- Одржување на јавна хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.
- Изрекување прекршочни глоби за љубителите на животни кои не си го собираат изметот од домашните миленици од јавните површини.
- Поставување на соодветни и модерно дизајнирани корпи за отпадоци.
- Редефинирање на надлежностите и опфатот на комуналната инспекција и нејзините вработени со цел зголемен степен на решавање на проблемите (оставени шутови на улици, згради кои се опасност за минувачите, и сл).



# V. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## 1. Стоп на загадувањето на природата

- Конкретни проекти што ќе го намалат или елиминираат загадувањето на животната средина (еколошки кампањи за подигање јавната свест, општински програми за компостирање и рециклирање, погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на „зелени технологии" итн.).
- Поддршка на проекти за намалување на негативните последици од климатските промени (т.н. Зелено производство на електрична енергија - соларна, геотермална, ветерници, урбани градини, субвенционирање енергетски ефикасни градби итн.).
- Доставување на бесплатни корпи за селекција и рециклирање на цврст отпад во секое домаќинство.
- Воведување обврска за зголемување на висината на скарациските оџаци.
- Субвенции за прочистувачи на воздух за секој стан.
- Барање до централната власт за дополнителни буџетски средства кои ќе се користат за одржување на улиците и екологијата поради големо оптеретување на сообраќајниците и инфраструктурата на општината предизвикано од концентрацијата на јавните државни институции кои се наоѓаат на територијата на општината, а од кои користи услуги целокупното население на Република Македонија (клиники, министерства, факултети, Влада, Собрание итн.).
- Поставување контејнери за селекција на отпад, како и изготвување на законска основа за задолжително селектирање на отпадот и изработка на кампања за подигање на свесноста.

## 2. Еко-активизам

- Редовни организирани младински и волонтерски акции за чистење.
- Чистење на дивите депонии.
- Граѓански позорникарски и едукативни Еко-патроли составени од млади волонтери (екологисти, зелени активисти, извидници и сл.).
- Директна соработка со еколошките здруженија преку формирање на Еко-совет на Центар како волонтерско советодавно тело на Градоначлникот.
- Казни за несовесните граѓани кои ја уништуваат урбаната опрема.
- Рамномерно оплеменување на запуштените јавни зелени површини во секој дел на општината.

## 3. Зелени политики на локално ниво

- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање.

## 4. Енергетска ефикасност

- Термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти.
- Инсталација на соларни панели на јавните објекти.
- Инсталација на инвертери во сите основни училишта.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

## 1. Образование

- Намалување на широките и непрецизираните ингеренции на Градоначалникот околу трансфер на наставен кадар во училишта/градинки и ограничување на дискреционото право преку воведување задолжителна улога на Управните одбори во училиштата / градинките во носењето на одлуката за трансфер.
- Намалување на широките ингеренции за Градоначалникот одлучување по потребата за дневен / продолжен престој за учениците од 4 одделение нагоре, со цел недискриминаторски третман за оваа потреба во сите училишта на Општина Центар.
- Изработка на нов урнек на годишен извештај за работа на училиштата.
- Изработка на Правилник за Совет на родители во училишта и градники.
- Изработка на Правилник за постапка за изведување екскурзии и конкретни критериуми за избор на оператори.
- Нов урнек за План за заштита и спасување во училиштата и воведување План за градинките.
- Реновирање и осовременување на училиштата (кровови, училници, ходници, врати, прозорци, санитарни јазли во школите и сл.)
- Бесплатен оброк за сите ученици во основните училишта.
- Забрана за издавање на училишните кујни и кујните во градинките под концесија.
- Забрана за приватно обезбедување.
- Финансиска помош од општинскиот буџет во делот на исполнување на училишните програми.
- Стопирање на сите сомнителни проекти за работа со деца изведувани од страна на здруженија на граѓани во училиштата.
- Стипендии за најдобрите ученици и студенти со вклучување и на наменски донации од локалните компании во Општината.

## 2. Култура

### ВИЗИЈА

- Да ја направиме Општина Центар културно срце на Скопје со богата и достапна културна понуда која ги обединува граѓаните, поттикнува креативност и го слави културното наследство.

### СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ

**1. Развој на локалната културна сцена**

- Поддршка за локалните уметници, културни организации и независни иницијативи.
- Организирање на редовни културни настани како изложби, концерти, театарски претстави и филмски проекции.

### 2. Инвестирање во културната инфраструктура

- Реновирање и модернизација на културните установи (Дом на култура, библиотеки, галерии).
- Изградба на нови отворени сцени и простори за креативни активности.

### 3. Зачувувањена културното наследство

- Ревитализација на историските објекти и нивно интегрирање во современата културна понуда.
- Организирање на манифестации кои го промовираат локалното културно наследство.

### 4. Поттикнување на иновативни културни проекти

- Финансиска поддршка за проекти кои комбинираат уметност и технологија.
- Поттикнување на младински иницијативи во областа на културата.

### 5. Инклузивност и достапност

- Создавање програми кои ги вклучуваат сите возрасни групи и маргинализирани заедници.
- Бесплатни културни настани за граѓаните на Општина Центар.

## ПРОЕКТИ

### 1. Центар за современа уметност

- Простор за изложби, работилници и перформанси.
- Програма за резиденција на уметници од земјата и странство.

### 2. Културен календар на Општина Центар

- Организирање на месечен календар со настани за сите вкусови и возрасти.
- Промоција преку дигитални и традиционални медиуми.

### 3. Отворен фестивал на уметност и култура

- Годишен фестивал со учество на локални и меѓународни уметници.
- Настани на отворено за привлекување на туристи и локално население.

### 4. Инкорпорирање на Старата чаршија во културната програма

- Поврзување на културното наследство со современата уметност.
- Организирање на тури, работилници и настани во Старата скопска чаршија.

### 5. Програма „Култура за сите“

- Бесплатни работилници за деца, млади и возрасни.
- Настани со цел да се доближи културата до секој граѓанин.

## ФИНАНСИРАЊЕ

- Партнерства со приватниот сектор и меѓународни донатори.
- Ефикасно користење на буџетот на Општина Центар.
- Аплицирање во европски фондови за поддршка на културата.

## ДА ЈА НАПРАВИМЕ ОПШТИНА ЦЕНТАР КУЛТУРЕН ЦЕНТАР

**Конкретни примери за културни проекти и активности во Општина Центар.**

**1. „Уметност на улица“ -перформанси**

- Организирање улични галерии на локации како што се Плоштад Македонија, Градски парк и улицата Македонија.
- Перформанси на улични музичари, танчери и театарски групи.
- Месечни „уметнички базари“ каде локални уметници можат да продаваат свои дела.
- Театарски фестивал на отворено, со учество на алтернативна сцена и Национални театри на покривот на ГТЦ проследено со дебати и гастрономска презентација на домашни производи (храна и вино).

**2. „Кино под отворено небо“**

- Проекции на филмови на локации како Градскиот парк, парк на Франкофонија или плоштадите.
- Програма која вклучува македонски филмови, класични дела и современи светски филмови.
- Бесплатен влез за сите граѓани.

**3. Ефикасна ревитализација на културни обекти**

- Ставање на мапа како локација на културни случувања и на Домот на култура „Кочо Рацин“ за организирање на алтенативната театарска сцена, концерти и работилници.
- Претворање на запуштени објекти во креативни хабови.

**4. Фестивал „Денови на Центар“**

- Тродневен фестивал со музички концерти, уметнички изложби, улични перформанси и гастрономски настани кој би се одвивал на повеќе локации: паркот Жена борец, плоштад Македонија, улица Македонија, Кеј на Вардар.

**5. „Културна тура низ историјата”**

- Организирање на пешачки тури низ Старата чаршија, Калето и значајните објекти во Центар.
- Водичи кои ќе раскажуваат за историјата, традицијата и културното наследство на Скопје.
- Турите ке бидат достапни на повеке јазици.

**6. Креативни работилници за млади**

- Отворање на АКСЦ – Автономни културно-социјални центри, преку пренамена на напуштените објекти во

општинска сопственост со можност за конференциски простор, кафе-книжарници, сувенирници и сл.

- Отстапување на јавни површини за оплеменување со графити и уметнички цртежи.
- Организирање културни настани и поддршка на традиционалните културни манифестации.

## 3. Туризам

- Организрани тури со лиценцирани водичи за знаменитостите на Општина Центар.
- Отворање на Туристичко биро задолжено за стратешко планирање на развојни политики.

## 4. Спорт и рекреација

- Помош на локалните спортисти (наместо концентирана поддршка на еден спортски клуб, наменски да се стимулираат и малите клубови на територијата на општината, особено клубови кои работат со деца и млади), субвенционирање на пионерски и кадетски школи за сите спортови.
- Организирање т.н. маалски лиги во разни спортови со наградни фондови поддржани од општинскиот буџет.
- Поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми, и преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Изградба на спортско-рекреативен комплекс, нататориум и аква парк.

## 5. Детски игралишта

- Изградба на повеќе детски игралишта со различни реквизити за забава и реконструкција на запуштените.



# VII. МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

## 1. Детска заштита

• Згрижување на „деца од улица“ (решавање на проблемот со просење и питачење, како облик на злоупотреба на децата).

- Социјална грижа за децата без родители, децата без родителска грижа, децата од дисфункционални семејства, децата со воспитно-социјални проблеми.
- Отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните.
- Вработување на поголем број високообразуван стручен кадар во градинките со цел непречена можност за двосменско работење.
- Воведување на „Big Brother-Big Sister“ програма за деца-жртви на врсничко и семејно насилство.

## 2. Младински политики

- Воспоставување локална мрежа на младинските организации.
- Поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбано културно живеење.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од социјално ранливи категории (деца на стечајци, деца на невработени, деца на ниско платени работници).

## 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Пренамена на објекти во општинска сопственост во пензионерски домови.
- Финансиска поддршка на пензионерските клубови.
- Нега во домашни услови за старите и изнемоштени лица, со волонтерски акции и соработка со Црвениот крст и други хуманитарни организации.

# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

**Изработка на стратегија и платформа за подигање на квалитетот на живот на старите лица, децата без родители и социјалните семејства во Центар, преку вклучување на волонтерски и младински организации, основни и средни училишта.**

## 1. Помош за социјално ранливите категории граѓани

- Воведување Програма за заштита од „енергетка сиромаштија“ (субвенционирање на долговите за вода и комуналии на сиромашните семејства).
- Отворање народни кујни за сиромашни лица.
- Воведување посебен интервентен јавен Фонд за социјално загрозени семејства.
- Континуирани обуки за преквалификација и докфалификација на невработените лица.
- Поддршка на самохрани родители.
- Институционална помош на жртви на семејно насилство со отворање на прифатни Шелтер центри.

- Згрижување и домување на бездомниците и на лицата со социјален ризик.
- Психолошка и психијатриска поддршка на зависници од дрога и алкохол.

### 2. Општествена грижа за лицата со посебни потреби

- Дневен центар за лица со церебрална парализа и други лица на кои им е неопходна туѓа нега и внимание.
- Ревидирање на услугите во здравството кои ги добиваат оваа категорија граѓани и одвојување на специјала физикална амбуланта наменета само за овие лица, во склоп на амбулнтата на МВР во населба Пролет.
- Обезбедување лица за придружба на децата кои посетуваат настава во основните училишта и обезбедување други бенифиции за родителите кој имаат деца со попреченост.
- Посебни програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост и нивна инклузивност во општеството.

### 3. Пристап до јавните објекти за инвалидните лица

- Градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап за инвалидни лица.
- Целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски количкі (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови.



### 4. Јавно здравје

- Едукација и превентивни активности за заштита и здравје при работа.
- Зголемување на бројот на дежурни аптеки во ноќните часови.
  Помош на пациенти со специјални потреби (ментално здравје, зависности и сл.).

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

### 1. Меѓуопштинска соработка и партнерски однос со невладините организации

- Меѓуопштинска соработка со ЗЕЛС и со соседните општини.
- Барање експертска помош од граѓанските здруженија за областа во која тие работат.

### 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- Отстранување на опасни објекти и несоодветната урбана опрема на територија на општината.
- Поставување хидранти до капиталните градски објекти.

- Организирање превентивни обуки за територијална заштита и спасување на луѓето и имотот.
- Изведување координирани показни вежби за хипотетички природни непогоди и други несреќи од поголеми размери.

### 3. Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- Изградба на паркови за кучиња опремени со сите потребни реквизити.

# X. КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

### 1. Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: Располагањето со општинските пари, склучувањето на договори за јавни набавки, промената на генералниот и деталните урбанистички планови.

### 2. Персонално екипирање на општинските инспекции

- Комплетно доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности.

### 3. Спокојно урбано живеење

- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и ресторантите.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови со поголема сообраќајна контрола.
- Забрана за прекумерната бучава од верски објекти преку ограничување на гласноста која доаѓа од нив.



# ЛЕВИЦА

## ЗА ЦЕНТАР

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ЦЕНТАР

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija